Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-268/1
1.04. 2024 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 01.04.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 546/1 | – | – |

**До: Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk.**

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел./факс (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk.**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме да ни ги доставите следниве информации, одделно за секоја година и тоа: 2022, 2023 и 2024 година (заклучно со 1 април 2024 год.):

1. Во колку случаи сте обезбедиле податоци од Регистарот на вистински сопственици?
2. За колку лица се однесувале обезбедените податоци од Регистарот на вистински сопственици?
3. На кој начин ги обезбедивте податоците – со директен пристап до Регистарот на вистински сопственици или посредно, преку Централниот регистар?
4. Во колку случаи, по утврдувањето на вистинскиот сопственик, сте се посомневале во веродостојноста на податоците?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________________

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје,**

**1.4.2024 година**

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 03-546/2
08.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин бр.26-1/2**
**1000 Скопје**

**Предмет:** Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) како Имател на информации, по добиеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од Вас по е-маил на 1.4.2024 година, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известува за следното:

Агенцијата во периодот 2022, 2023 и 2024 година, заклучно со 1.4.2024 година по сите четири точки (наведени во доставеното Барање) немала потреба за обезбедување на податоци од Регистарот на вистински сопственици .

**Одговорот на барањето Ви го доставуваме на е-маил адреса, во електронски запис (centar@ccc.org.mk) како што е назначено во самото Барање.**

Доколку имате потреба за било каква дополнителна информација, Ве молам слободно да не контактирате.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти
Максуд Али